ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
ЖРСМ Транспорт АД – Скопје.

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојба:**

- пресметката на плата за вработените не е согласно законските и подзаконски акти;
- нереална проценета вредност на активата по основ на евидентиран гудвил;
- со посебен акт не е утврден начинот на вршење на попис и истиот не е целосно спроведен со состојба 31.12.2020 година;
- необјективно искажување на позициите за краткорочни побарувања од купувачи и краткорочни обврски кон добавувачи;
- недоследности во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

**Издадено мислење/заклучок*:**

Се воздржуваме од давање мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештии, додека за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики

**Клучни препораки:**

- донесување на правилник за плати, усогласување и утврдување на критериуми за пресметка на плата;
- утврдување на точноста на почетните состојби и влезните податоци во трговските книги и финансиски извештаи;
- донесување на акт за вршење на попис и вршење на целосен годишен попис со усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- оценка на наплатливост на побарувањата и исплата на обврските на крајот на секој период на известување;
- водење на постапките за јавна набавка и реализацијата на склучените договори согласно пропишаните одредби.

**Клучна системска слабост:**

Доделување на средствата од Буџетот на РСМ за еднократна финансиска помош за справување со финансиските последици, предизвикани поради корона вирусот која се доделува на корисниците, за што постои потреба надлежните институции при доделување на поддршките да ја утврдат намената за користење на средствата и да вршат контроли за користење на истите во насока на остварување на целите на поддршката.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**
/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk